РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-482/4
26-01-2023 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за градежништво и услуги
УРБАН СТИЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
Бр. 0307-5222/1
26.01 20 23 год.
СКОПЈЕ

**Анекс 1**

**на**

**Договорот за вршење на стручен надзор над градби на објекти на Министерството за труд и социјална политика кои се во тек на градба со број 02-6579/8 од 28.10.2021 година**

1. Министерство за труд и социјална политика, со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст, во понатамошниот текст „Договорен орган" од една страна, и
2. Друштво за градежништво и услуги Урбан стил инженеринг Дооел Скопје, со ЕМБС 6038174 со седиште на бул. Партизански одреди бр.33 лок.6 Скопје, застапувано од Управителот Петар Стошиќ во понатамошниот текст "Носител на набавката" од друга страна.

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Анекс 1 врз основа на член 18 од Договорот за вршење на стручен надзор над градби на објекти на Министерството за труд и социјална политика кои се во тек на градба со број 02-6579/8 од 28.10.2021 година и број на Носителот на набавката 0307-4431/1 од 28.10.2021 година и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

**Член 2**

Предмет на овој Анекс 1 е изменување на одредбите од Договорот за вршење на стручен надзор над градби на објекти на Министерството за труд и социјална политика кои се во тек на градба со број 02-6579/8 од 28.10.2021 година и број на Носителот на набавката 0307-4431/1 од 28.10.2021 година за времетраењето на договорот.

Овој Анекс 1 на Договорот за вршење на стручен надзор над градби на објекти на Министерството за труд и социјална политика кои се во тек на градба со број 02-6579/8 од 28.10.2021 година и број на Носителот на набавката 0307-4431/1 од 28.10.2021 година се склучува по претходно доставено барање од Носителот на набавката за продолжување на рокот на договорот поради тоа што рокот на Договорот за изградба на детска градинка во Чаир е продолжен со Измена/Анекс бр.3 до 30.07.2023 година, а согласно член 2 од Договорот за вршење на стручен

надзор над градби на објекти на Министерството за труд и социјална политика кои се во тек на градба со број 02-6579/8 од 28.10.2021 година и број на Носителот на набавката 0307-4431/1 од 28.10.2021 година постои оправдана причина за продолжување на рокот на Договорот.

**Член 3**

Во членот 2 ставот 1 од основниот договор се менува и гласи:

„Овој договор е со важност до 30.07.2023 година."

Останатите ставови од член 2 од основниот договор остануваат непроменети.

**Член 4**

Согласно член 11 став 1 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% (пет проценти) од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот.

**Член 5**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 6**

Овој Анекс 1 на Договорот за вршење на стручен надзор над градби на објекти на Министерството за труд и социјална политика кои се во тек на градба со број 02-6579/8 од 28.10.2021 година и број на Носителот на набавката 0307-4431/1 од 28.10.2021 година влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| Министер, | Управител, |
| Јованка Тренчевска | Петар Стошиќ |
| ________________ | ________________ |

УРБАН СТИЛ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ